АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

---

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20 и 77/21), се доставува

Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë Së Veriut
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP
Примено / Pranuar: 23.01.2023

| Орг. единица Njësia org. | Број Numër | Прилог Shtesë | Вредност Vlerë |
|---|---|---|---|
| 03 | 301 | 1 | |


## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР

1. **Вид надзор:** контролен

2. **Субјект на надзорот:** Трговско друштво за радио – дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје

3. **Датум на извршување на надзорот:** 23 јануари 2023 година

4. **Предмет на надзорот:** Член 22 од Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување (Пречистен текст арх. бр. 01-3747/1 од 06.10.2022 година), според кој *„Бројот и структурата на вработените лица за телевизија на регионално ниво, со исклучок на регионот Д7, треба да биде најмалку 10 (десет), од кои 5 (пет) со висока стручна спрема (ВСС), вработени како новинари“.*

5. **Претходно изречена мерка:** Покрената е постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското друштво за радио – дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје, врз основа на Предлог УП1 бр. 08-28 од 20.01.2023 година.

6. **Констатации од надзорот:** Со овој надзор е констатирано дека ТДРД ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје <u>ги исполнува минималните кадровски услови</u> утврдени во Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување.

   <u>Образложение:</u> На 06.10.2022 година, Агенцијата испрати допис до ТДРД ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје (наш бр. 03-3713/1), со кој побара во рок од седум дена од денот на приемот на дописот да достави документи од коишто ќе може да се констатира дека ги исполнува минималните кадровски услови утврдени во правилникот, односно дека има ангажирано десет лица, од кои пет имаат високо образование и се ангажирани како новинари. Бидејќи радиодифузерот не ја достави потребната документација во утврдениот рок, Агенцијата уште еднаш писмено се обрати до него (допис бр. 03-3713/2 од 01.11.2022 година) и му укажа уредно да ја достави истата во рок од седум дена од денот на приемот на овој допис.

   На 21.11.2022 година, ТДРД ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје достави до Агенцијата десет авторски договори склучени помеѓу радиодифузерот и десет физички лица (наш бр.03-3713/3). Договорите беа склучени на 18.11.2022 година, со важност од еден месец, и од нив не можеше да се утврди какво образование имаат лицата кои се ангажирани како новинари во телевизијата. Агенцијата во повеќе наврати телефонски го контактираше радиодифузерот со цел да обезбеди податоци за степенот на образование на овие лица, како резултат на што, во периодот од 23 до 29 ноември 2022 година, ТВ ШУТЕЛ по електронска пошта достави до Агенцијата дипломи за завршено високо образование за четири лица, а на 15.12.2022 година достави известување (наш бр. 03-3713/4) во врска со петтото лице-новинар, со кое ја информираше

Агенцијата дека „*лицето го има изгубено уверението...*“ и дека преписот од истото „*ќе го добиете во текот на идната недела*“.

Со оглед на тоа што важноста на претходно доставените договори истече на 18.12.2022 година, а по телефонски разговор на стручната служба со вработени во телевизијата, на 13.01.2023 година ТДРД ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје достави во Агенцијата десет нови авторски договори (наш бр. 03-206/1), но и овој пат не беше доставен доказ за завршено високо образование за уште едно лице кое е ангажирано како новинар.

Имајќи го предвид горенаведеното, на 17.01.2023 година беше извршен вонреден административен надзор (Писмен извештај за извршен административен надзор бр. 03-257/1 од 17.01.2023 година), со кој беше констатирано дека радиодифузерот не ги исполнува минималните кадровски услови. Поради тоа, на 20.01.2023 година, директорот на Агенцијата достави до Советот предлог за покренување постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на овој радиодифузер (УП1 бр. 08-28), за што истиот ден беше известен и самиот радиодифузер (Известување бр. 08-28 од 20.01.2023 година). Радиодифузерот, исто така, беше известен и дека доколку не ја достави потребната документација од којашто ќе може да се констатира дека ги исполнува минималните кадровски услови, Советот на Агенцијата, во рок од 15 дена од денот на приемот на предлогот од директорот, ќе донесе одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување.

Истиот ден кога беше покрената постапката за одземање на дозволата, ТДРД ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје достави во Агенцијата десет авторски договори, четири дипломи и едно уверение за завршено високо образование на лицата кои се ангажирани како новинари во телевизијата (бр. 03-206/2 од 20.01.2023 година). Од доставената документација е видно дека во телевизијата се вработени вкупно 10 лица, од кои пет со висока стручна спрема, ангажирани како новинари.

7. **Предлог:** Имајќи предвид дека ТДРД ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје ги исполнува минималните кадровски услови утврдени во Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување, се дава следниот предлог:

- Директорот на Агенцијата да достави предлог до Советот да донесе решение за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското друштво за радио – дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје.

***Сектор за стратешко планирање и заштита на авторски права***